**ТОЧКА 14**

Бр. 02-929/14
29.10.2019 година
Скопје

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

# АКЦИОНЕН ПЛАН

# НА

# УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

# (2019 – 2023)

# ВОВЕД

Акциониот план за работа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) претставува операционализација на целите содржани во Стратешкиот план за работа и Програмата за работа на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во периодот 2019-2023 година. Истовремено, тој претставува континуитет на активностите за јакнење и развој на интегративните функции на Универзитетот во најзначајните сегменти на неговото дејствување.

Планираните активности, односно задачи се дадени според поставените цели во одделните домени на дејствување, со носители и динамика на нивната реализација.

## ВИЗИЈА И МИСИЈА

**ВИЗИЈА**

*Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да прерасне во универзитет со висока меѓународна репутација на полето на образованието и науката, како респектабилен член на семејството на европски универзитети.*

**МИСИЈА**

Како најстар универзитет во Република Македонија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје претставува темел и стожер на образовниот систем, научната работа и културниот развој на нашата земја. Универзитетот е одговорен за негувањето, чувањето и унапредувањето на сите аспекти на националниот идентитет и негова целосна афирмација во процесот на пристапување на земјата во Европската Унија и како дел од широкото семејство на европските народи.

Универзитетот ги развива и континуирано ги унапредува наставните програми во правец на создавање високообразовани кадри од сите домени на природно-математичките науки, техничко-технолошките науки,

медицинските науки и здравството, биотехничките науки, општествените науки, хуманистичките науки и уметностите, во согласност со највисоките меѓународни стандарди. Преку својата наставна дејност, Универзитетот настојува да ги задоволи потребите од високостручен кадар во сите сегменти на приватниот и јавниот сектор, континуирано приспособувајќи се на динамичните промени во овој домен.

На полето на научната работа, Универзитетот реализира научни проекти, теоретски и апликативни истражувања и други форми со кои се дава придонес кон развојот на научната мисла во земјата и пошироко. Воедно, преку соработката со приватниот и јавниот сектор се остварува двонасочна размена на знаења и искуства, што придонесува за подигнување на нивото на севкупниот општествен развој, како и континуиран и одржлив развој на Универзитетот.

Во реализацијата на своите наставни и научни активности, Универзитетот негува активна соработка со високообразовни, научни, и други сродни институции од странство, заснована на принципите на рамноправност, одговорност и почитување на највисоките стандарди.

Универзитетот ќе негува и развива и уметнички активности.

Универзитетот постојано се стреми да негува и развој на критичката мисла, да делува како коректив на општеството, да придонесува за развој на човековите права и слободи и да биде предводник на процесите на осовременување и унапредување во сите сфери на општествениот живот.

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ (2019 – 2023)**

## 1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Основните цели за унапредување на наставно-образовната дејност на Универзитетот кои произлегуваат од усвоената Стратегија се:

1. Осовременување на студиските програми со потесна соработка со бизнис-заедницата преку реализација на заеднички проекти и вклучување на нејзини претставници во процесите на нивно осмислување;

2. Подобрување на условите за настава преку инвестиции во осовременување на просториите, опремата и примена на нови дигитални технологии во изведување на наставата (онлајн учење, дигитални платформи за размена на информации и дисеминација на знаење и др.);

3. Зајакнување на потенцијалот на наставниот кадар преку поддршка на неговото стручно усовршување и стекнување на способности и вештини во спроведување на современи наставни методи и активности.

| ***Цел*** | **Активности и задачи** | **Носители** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|
| **Осовременување на студиските програми и креирање нови студиски програми, во согласност со потребите на пазарот на трудот и бизнис-заедницата, со современи методи на настава и вклучување најнови сознанија** | Воведување нови студиски програми согласно релевантни анализи за потребите од профили на кадри на пазарот на трудот | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Компатибилност со студиските програми на еминентни | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, | на годишно ниво, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | универзитети, како и финансиска и логистичка поддршка на единиците кои аплицираат за меѓународна акредитација на студиските програми, согласно програмата за интегративни функции на УКИМ | ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | континуирано |
| | Зголемување на бројот на студиски програми на англиски јазик на прв и втор циклус студии за поттикнување на интересот на кандидати од странство за студирање на УКИМ и<br><br>Поттикнување и поддршка на единиците за зголемување на мобилноста | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Зголемување на бројот на заеднички студиски програми во сите циклуси - прв, втор и трет циклус студии, и на сите нивоа - институционално, национално, регионално | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | и интернационално, со издавање двојна (double), односно заедничка (joint) диплома | | |
| | Зголемување на бројот на предмети кои вклучиле нова технологија во наставата (разни форми на онлајн учење, дигитални платформи за учење, дисеминација на знаење и размена на информации) | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Меѓународни програми и проекти<br>• Релевантни државни институции | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Потесна соработка со бизнис-заедницата преку реализација на заеднички проекти и вклучување на нејзини претставници во процесите на осовременување на студиските програми | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Бизнис заедница | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| **Подобрување на условите за настава** | Инвестиции во осовременување на просториите и опремата на единиците на УКИМ | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Релевантни државни институции<br>• Средства од меѓународни програми, фондови и финансиски институции (Светска банка (СБ), Европсска комисија (ЕК), ИПА, Европска инвестициска банка (ЕИБ), Банка за развој на Совет на Европа (ЦЕБ) | |
| | Примена на нови дигитални технологии во изведување на наставата (онлајн учење, дигитални платформи за размена на информации и дисеминација на знаење и др.) | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Релевантни државни институции<br>• Средства од меѓународни програми, фондови и финансиски институции | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Кадровско подмладување и пополнување на составот на вработените на Универзитетот** | Пополнување на сите упразнети позиции на наставен кадар, но и во администрацијата на единиците на Универзитетот | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Релевантни државни институции | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Подобрување на соодносот број на студенти / академски кадар | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Релевантни државни институции | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Вработување млад кадар, согласно со потребите на единиците на Универзитетот | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Релевантни државни институции | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Поддршка на стручното усовршување на кадарот | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Релевантни државни институции<br>• Меѓународни програми и проекти | на годишно ниво,<br>континуирано |
| | Стекнување на способности и вештини во спроведување на современи наставни методи и активности | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Меѓунардни програми и проекти | на годишно ниво,<br>континуирано |
| | Поврзаност со наставни и научни работници во земјата и во странство и развој на сопствените вештини | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Меѓунардни програми и проекти | на годишно ниво,<br>континуирано |
| | Пристап до бази на податоци и научни публикации | • МОН и релевантни државни институции<br>• Органите на Универзитетот – | на годишно ниво,<br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | |
| | Присуство на семинари, симпозиуми, работилници и други научни и стручни собири за стекнување на нови знаења и методи за изведување на наставата | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Релевантни државни институции<br>• Меѓунардни програми и проекти | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Подобрување на условите за настава преку инвестиции во осовременување на просториите, опремата и примена на нови дигитални технологии во изведување на наставата (онлајн учење, дигитални платформи за размена на информации и дисеминација на знаење и др.) | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Зголемување на задоволството на студентите од наставата, стекнатите знаења, компетенции и вештини** | Основање центри за кариера на единиците на УКИМ и координација на ниво на УКИМ | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Релевантни државни институции<br>• Стопански комори и бизнис заедница | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Следење на организирањето и реализирањето на практичната настава на единиците на УКИМ – согледувања за придобивките и активности за надминување на проблемите | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Воведување сеопфатна електронска евиденција во напредувањето во студиите | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Влијание за подобрување на условите во | • Органите на Универзитетот – | на годишно ниво, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | студентските домови | Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Релевантни државни институции<br>• | континуирано |
| | Спроведување студентска анкета од страна на единиците | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| **Вработливост и развој на кариерата на дипломираните студенти** | Проширување на базата на поранешни студенти (алумни), кои се наоѓаат на клучни позиции во земјата и во странство | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | Можност за развој на форми на доквалификација и преквалификација за потребите на бизнис-секторот | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Стопански комори и бизнис заедница | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | Развој на инкубатори, акцелератори и реализација на заеднички проекти | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците<br>• Стопански комори и бизнис сектор<br>• Меѓународни институции | на годишно ниво,<br>континуирано |
| | Зголемување на интересот на на приватниот сектор за дипломците на Универзитетот | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br>континуирано |
| | Искористување на реномето на Универзитетот за негово вклучување во креирањето политики, стратешки документи и анализи | • Органите на Универзитетот – Универзитетски сенат, ректор и Ректорска управа,<br>• Единиците на УКИМ<br>• Стручна служба на УКИМ и единиците | на годишно ниво,<br>континуирано |

## 2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, во својство на најголем и најстар универзитет во Република Северна Македонија, со регионална и европска препознатливост и интернационализација, со континуирана посветеност се стреми да ја зголемува својата меѓународна препознатливост и атрактивност и да стане водечки универзитет за истражување и мобилност во регионот како и да прерасне во партнер во креирањето на нови идеи и политики во образованието во регионот и Европа. Исто така Универзитетот ке се стреми да биде национален центар за ширење на македонскиот јазик и култура.

Согласно Стратегијата основни цели за интернационализација на Универзитетот се:

1. унапредување на меѓународната соработка (билатерални договори, меморандуми за соработка, заеднички проекти);
2. развој на заеднички студиски програми со странски универзитети, како и воведување програми со двојна диплома;
3. зголемување на препознатливоста на постојните студиските програми;
4. обезбедување на стручна и административна поддршка за поголема мобилност на наставниот кадар и студентите;
5. привлекување на странски студенти и визитинг-професори од странски универзитети;
6. зголемување на учеството на кадарот во меѓународни организации.

Интернационалната димензија ќе биде вклучена во сите дејности на Универзитетот и ќе претставува еден од клучните фактори во развојот на квалитетот. Интернационализацијата има примарно место при воспоставување

и склучување на договори со  ЕУ програмите и регионот и високообразовните институции во светот. Преку интернационализацијата Универзитетот има за цел  да ја зајакне својата положба во регионот, во Европа и во останатите делови на светот. Универзитетот  ќе  посвети посебно внимание на интернационализацијата на наставниот процес,  науката, излезната и влезната студентска и академска  мобилност, јакнење на административните капацитети за предизвиците поврзани со интернационализацијата и учеството во релевантни регионални, европски и меѓународни мрежи.

| *Цел* | **Активности и задачи** | **Носители** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|
| ***Зголемување на бројот на излезни мобилности за студенти и наставен кадар*** | • зголемување за најмалку 10% на годишно ниво, на реализирани мобилности на универзитети во странство (директно зависи од вкупниот број одобрени мобилности за студенти, од НАОП на годишно ниво); | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ<br><br>Релевантни домашни и меународни институции<br><br>Национална агенција за образовни програми (НАОП) | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • зголемување на  бројот на Еразмус+ договорите, како и билатералните договори со универзитети во ЕУ, регионот и светот; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • јакнење на промоциите за меѓународна соработка и мобилност; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Изработка на современа web страна, мултифункционална и динамички ажурирана со податоци и информации;<br>• Изработка и дисеминација на промотивен материјал (брошури и др.) на факултетите во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, преку студентското радио и соопштенија во универзитетскиот весник со цел информирање на студентите за стипендии и други можности за усовршување; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Подобрување на академското признавање на кредитите стекнати во странство со изготвување и примена на Правилник за мобилност; | Одд. за настава<br>Стручна служба<br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Воведување на повеќе изборни предмети „прозорци на мобилност“; | Одд. за настава<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Обезбедување дополнителни средства за стипендирање на излезните мобилности за студенти и наставен кадар; | Одд. за финансии<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ<br>Апликации во меѓународни проектни програми | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • зголемување на мобилноста на наставниците/истражувачите за студиски престој и усовршување на универзитети во странство; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ<br>Апликации во меѓународни проектни програми | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Зголемување на можностите за студентска практика во странство, како дел од наставната програма, јакнење на врските на Универзитетот со домашни и странски компании и институции | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| ***2. Зголемувањето на влезната студентска и академска мобилност*** | • Зголемување за 2% годишно на вкупниот број на студенти од категоријата странски студенти од сите нивоа на студии; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Зголемување на бројот на странски студенти од регионот, особено на магистерските и докторските студии; | Одд. за наука<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Зголемување на влезните мобилности на ЕУ странски студенти; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Воведување настава на странски јазици; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Интернационализација на наставата; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Изготвување на брошура на англиски јазик за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, за циклусите на студии, како и други пропратни информации за олеснување на престојот на студентите и наставниот кадар од странските партнерски универзитети; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Задолжителна верзија на англиски јазик на интернет-страните на факултетите и институтите на Универзитетот со информации за студирање, размена и усовршување; | Одд. за настава<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Обезбедување на стипендии за студенти од странство; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Јакнење на административните капацитети за прифаќање на студентите од странство; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Обезбедување на студентски стандард за студенти од странство; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Организирање на јазични и културолошки курсеви за студентите и наставниот кадар од ЕУ партнерски универзитети и други и | Одд. за наука<br>Одд. за настава<br>Стручна служба | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | олеснување на процесот на нивната интеграција во факултетите каде реализираат мобилност; | Единици на УКИМ | |
| | • Зајакнување на административната поддршка за добивањето виза и дозвола за престој; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Помош при сместување за странски студенти и наставници | Општи раб. Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континурано |
| ***2.1 Интернационализација на наставата и мобилностите*** | • Зголемување на бројот на студиски програми и атрактивни предмети на кои наставата се изведува на странски јазик (до 2025 година најмалку 20% од наставната програмата, делумно или целосно да се изведува на странски јазик); | Одд. за настава Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ<br><br>Релевантни домашни и странски институции | на годишно ниво,<br><br>континурано |
| | • Интернационализација на наставната програма со воведување на заеднички студии и студии со двојни дипломи и внесување на интернационални содржини во одделни предмети; | Одд. за настава Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Учество во програми и курсеви на летни школи, преку кои студентите можат да се стекнат со признаени кредити; | Одд. за настава Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Воведување на систем за признавање/трансфер на оценки; | Одд. за настава<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Зголемување на способноста на наставниците да предаваат на странски јазик, служејќи се со современи методологии; | Одд. за настава<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Зголемување на бројот на визитинг-професори и истражувачи од странство. | Одд. за настава<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| ***3. Јакнењето на административните капацитети за предизвиците на интернационализацијата*** | • Јакнење на Одделението за меѓународна соработка на Универзитетот и факултетите за справување со предизвиците што ги носи зголемената интернационализација и меѓусебна координација на нивната работа;<br><br>ИТ поддршка и on-line апликации | IT центар на УКИМ<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Основање и зајакнување на канцелариите за меѓународна соработка на факултетите; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Дисеминација на информации за можностите, програмите и стипендиите за студии во странство; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Учество на Еразмус+ административниот кадар во тренинг програмите за мобилност; | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| ***4. Следење на определбата за развивање на Универзитетот како центар за изучување на македонскиот јазик и култура*** | • Понатамошно развивање на програмите и содржините на Летната школа за македонски јазик, литература и култура; | Семинар за мак. јазик<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Развивање на програма за учење на македонскиот јазик на далечина; | Семинар за мак. јазик<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | • Изработување на посебни програми за македонскиот јазик за странски студенти и за иселениците. | Семинар за мак. јазик<br>Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од Стратегија на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и стратегиската цел за континуирано подобрување на научноистражувачката и уметничката дејност, произлегуваат оперативни цели и активности за унапредување, таксативно наведени во продолжение, согласно стратегискиот документ:

1. подобрување на меѓународната репутација на Универзитетот и негово рангирање на листите на еминентни универзитети;
2. подигнување на квалитетот на научноистражувачката и уметничка дејност;
3. поголема соработка меѓу единиците на Универзитетот на полето на наставата, науката и уметноста;
4. обезбедување поголеми средства за научноистражувачка работа од сопствени извори и од државата;
5. формирање на фонд за кофинансирање при учество во меѓународни проекти;
6. пристап до бази на податоци и научни публикации;
7. стимулирање на научноистражувачката стручно-апликативната и уметничка активност на Универзитетот;
8. унапредување на соработката со стопанството преку зголемување на иновациите, технолошкиот развој и применети истражувања во разни области;
9. основање иновативни стартап и спиноф трговски друштва за реализација на научноистражувачки и стручно-апликативни проекти;
10. основање лаборатории, акцелератори, хабови и други центри за реализација на научни и апликативни активности;
11. олеснување на административните постапки за реализација на проекти;
12. воведување служба за поддршка на комерцијализацијата на резултатите од истражувањата;
13. воведување на постдокторски студии;
14. воведување на програми за доживотно учење.

Оперативните цели и активности на стратегиското планирање за научноистражувачката и уметничката дејност на Универзитетот фокусирани се кон промовирање и поддршка на научната релевантност и научната/уметничка извонредност, преку унапредување на институционално ниво (единиците) и на индивидуално ниво (научноистражувачкиот и уметничкиот кадар). Со тоа, Универзитетот има за цел подобрување на меѓународната репутација и постигнување квалификацијата на научноистражувачки универзитет, препознаен во Европскиот истражувачки простор и пошироко. Унапредувањето на научноистражувачката и уметничката дејност ќе се следи преку активности и мерки, како публикување во референтни списанија, фундаментални истражувања, истражувачки, развојни и апликативни проекти, уметнички проекти, поврзување со пазарот на труд и трасфер на научноистражувачки резултати, развој на мултидисциплинарни истражувачки програми, развој на уметноста и културата, потикнување на научници/уметници и друго.

Во согласност со стратегиските и оперативните цели за научноистражувачка и уметничка дејност на Универзитетот, единиците ке се фокусираат научноистражувачките и уметничките подрачја кои ги покриваат.

Притоа, преку сопствените развојни планови, усогласени со стратегиските цели, ќе обезбедат реализација на специфични научноистражувачки и уметнички активности.

Во продолжение, на основа на стратегиските и оперативните цели за научноистражувачка и уметничка дејност од Стратегијата на Универзитетот, креирани се активности, мерки и задачи за нивна реализација. Кон активностите придружени се индикатори, како клучни показатели на успешност, преку кои ќе се мери успешноста на спроведување на активностите, а преку нив и на оперативните и стратегиските цели. Спроведувањето на активностите е поврзано со одредени внатрешни ризици и надворешни ризици од опкружувањето, кои во значителна мера ќе влијаат на финалните исходи за стратегиските цели.

| **Оперативни цели** | **Активности и задачи** | **Индикатори** | **Носители** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|
| **1. Подобрување на меѓународната репутација на Универзитетот и негово рангирање на листите на еминентни универзитети** | 1.1. Промовирање на предностите на Универзитетот и профилите на научноистражувачките групи пред европските истражувачки институции и субјекти, со цел вмрежување;<br><br>1.2. Зголемување на број на научни трудови објавени во списанија индексирани на листата на Thompson Scientific's Science Citation Index и на Scopus;<br>(ризик: истражувачка инфраструктура, опрема, истражувачи, вработување на млади кадри и финансиска поддршка од релевантни министерства и државни институции)<br><br>1.3. Зголемување на број на публикации во референтни бази за хуманистички и општествени науки;<br><br>1.4. Зголемување на број на публикувани | И1. Редовно ажурирање на податоци за публикациите во Ризницата на УКИМ<br><br>И2. Утврдени задолженија за ажурирање на Ризницата на УКИМ<br><br>И3. Број на објавени научни трудови во референтни списанија, на годишно ниво<br><br>И4. Број на објавени научни публикации, на годишно ниво | УКИМ<br><br>Единици на УКИМ<br><br>Релевантни министерства (МОН, Министерство за финансии)<br><br>Релевантни државни институции (Секретаријат за Европски праања (СЕП), Фонд за иновации | Годишно<br><br>Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | монографии или делови од поглавја на книги печатени во странство;<br><br>1.5. Зајакнување на Ризницата на УКИМ како воспоставен електронски информациски систем за следење на научноистражувачките и уметничките резултати, како и за подобрување на меѓународната видливост;<br><br>1.6. Поттикнување на излезни и влезни мобилности за истражувачи;<br><br>1.7. Поттикнување на интердисциплинарни докторски студии со потенцијал за иновативни истражувања и референтни публикувања. | И5. Број на академски кадар кој добил меѓународни и национални награди во соодветни научно-истражувачки подрачја<br><br>И6. Број на реализирани мобилности (излезни/влезни) на истражувачи на годишно ниво, ажурирани од единиците (во различни програми (Erasmus, H2020 Marie Curie, Ceepus, Fulbright и др.) | и технолошки развој (ФИТР), Национална агенција за образовни програми (НАОП)) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. Стимулирање и подигнување на квалитетот на научно-истражувачката и уметничка дејност** | 2.1. Поддршка за зголемување на бројот на меѓународни научноистражувачки и уметнички проекти;<br>(ризик: истражувачки капацитети што ќе изготвуваат апликации)<br><br>2.2. Резултатите од проектите, научно-наставната и уметничко-наставната инфраструктура да поттикнуваат создавање на центри на извонредност на државно и регионално ниво;<br>(ризик: обезбедување институционална и финансиска поддршка за овој тип на центри)<br><br>2.3. Засилување на соработката со меѓународни научноистражувачки институции;<br><br>2.4. Поттикнување на интердисциплинарни научноистражувачки проекти, преку интердисциплинарна соработка на истражувачите од Универзитетот со интеграција на наука-индустрија-општество, на национално и меѓународно ниво;<br><br>2.5. Зголемување на бројот на годишно објавени научни трудови во релевантни научни списанија и научни публикации;<br><br>2.6. Засилени барања кон релевантните институции за обезбедување пристап до електронски бази на податоци и научни публикации;<br>(Ризик: директна зависност од одлука на | И7. Број на меѓународни фундаментални и развојни проекти, како и уметнички проекти реализирани од единиците на годишно ниво<br><br>И8. Формирање на центри на извонредност (не помалку од 1, во тек на следните пет години)<br><br>И9. Број на потпишани меморандуми за соработка, вмрежување, проектни конзорциуми, Erasmus+ договори<br><br>И10. Број на интердисциплинарни и апликативни triple helix проекти, реализирани од единиците на годишно ниво | УКИМ<br><br>Единици на УКИМ<br><br>Релевантни министерства (МОН, Министерство за финансии)<br><br>Релевантни државни институции (СЕП, ФИТР, НАОП) | Годишно<br><br>Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | министерства и државни институции)<br><br>2.7. Укрупнување на научноистражувачките проекти на единиците и нивна финансиска поддшрка од заедничките средства на Универзитетот, како и формирање на интердисциплинарни хабови;<br><br>2.8. Препознавање и поттикнување на извонредност во научно-истражувачката и уметничка дејност;<br><br>2.9. Поттикнување на истражувачите од единиците со финансиска поддршка на публикувани научни трудовии во публикации со фактор на влијание;<br><br>2.10. Поттикнување на истражувачите од единиците и финансиска поддршка за најдобрите резултати на извонредност во научните подрачја (најдобри научници и уметници);<br><br>2.11. Развој и воведување на постдокторски студии и истражувачки програми;<br><br>2.12. Одржување на научни трибини на Универзитетот и организирање на активности за популаризација на науката;<br><br>2.13. Вклучување на најдобрите студенти во активности на научноистражувачки проекти;<br><br>2.14. Барања за зголемување на процентот од | И3. Број на објавени научни трудови во референтни списанија, на годишно ниво<br><br>И4. Број на објавени научни публикации, на годишно ниво<br><br>И11. Реализација на барања кон МОН и обезбеден пристап до барем една електронска база на научни податоци во првата година<br><br>И12. Број на поддржани научни и уметнички проекти од средства на УКИМ<br><br>И13. Број на поддржани од средства на УКИМ публикувани научни трудови во публикации со фактор на влијание на истражувачи од УКИМ, за сите научни подрачја | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | буџетот за развој на наставно-научниот кадар на Универзитетот и вработувања на млади научноистражувачки кадри;<br>(Ризик: директна зависност од релевантни државни институции)<br>2.15. Константна поддршка пред релевантни институции во земјата и странство за опремување на лабораториите на Универзитетот. | И14. Број на наградени најдобри научници и уметници за сите научни подрачја од средства на УКИМ<br><br>И15. Број на реализирани активности за популаризација на науката<br>И16. Вработувања на млади научно-истражувачки кадри | | |
| **3. Поголема соработка меѓу единиците на Универзитетот на полето на наставата, науката и уметноста** | 3.1. Организирање на конференции и стручни работилници за дисеминација на научноистражувачки знаења, искуства и резултати од проектите во научната и уметничката заедница, помеѓу академскиот кадар и студентите, како и кон деловните субјекти и заедницата;<br><br>3.2. Развој на база на податоци за научноистражувачките, фундаменталните, развојните и уметничките проекти, реализирани и во тек на реализација, на единиците на Универзитетот; | И17. Број на реализирани активности за дисеминација на научноистражувачки те резултати, организирани кај единиците, на годишно ниво<br><br>И18. Електронска база на податоци за проекти на | УКИМ<br><br>Единици на УКИМ | Годишно<br><br>Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3.3. Стимулирање на научноистражувачката соработка помеѓу различни единици на Универзитетот, со цел зголемување на интердисциплинарната соработка;<br><br>3.4. Воведување на програми за доживотно учење;<br><br>3.5. Воспоставување на заедничка универзитетска конференција на интердисциплинарна тема. | Универзитетот, со можност за генерирање од Ризницата на УКИМ | | |
| **4. Поттикнување на уметничкото творештво** | 4.1. Поддршка за зголемување на бројот на уметнички дела изведени на домашни и меѓународни фестивали, концерти, ликовни и архитектонски изложби и други самостојни и групни настапи на професори и/или студенти; (ризик: обезбедување институционална и финансиска поддршка за овој тип активности, односно директна зависност од релевантни државни и меѓународни институции)<br><br>4.2. Поддршка за зголемување на бројот на уметнички и уметничко-истражувачки проекти, на национално и меѓународно ниво. (ризик: истражувачки капацитети што ќе изготвуваат апликации, како и вработување на млади талентирани кадри) | И19. Број на изведени уметнички дела реализирани од единиците на годишно ниво<br><br>И20. Број на музичко-сценски, сценско-изведувачки, аудио-визуелни дела и изложби<br><br>И21. Број на уметничко-истражувачки проекти реализирани од единиците на годишно ниво | УКИМ<br><br>Единици на УКИМ | Годишно<br><br>Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. Обезбедување поголеми средства за научно-истражувачка работа од сопствени извори, од државата и од странство** | 5.1.Промовирање и поддршка на научно-истражувачка работа и уметничко творештво на истражувачите и уметниците, како и на единиците на Универзитетот од сопствени средства преку различни форми (проекти, трудови, научници и др.)<br><br>5.2.Промовирање на истражувачките капацитети на Универзитетот пред релевантните институции во државата и барање средства за поддршка;<br><br>5.3.Зголемување на приходи за финансирање на науката и уметноста од средства на ЕУ фондови преку информирање на академската заедница и поддршка на апликации за меѓународни повици за научноистражувачи, развојни, апликативни и уметнички проекти;<br><br>5.4. Формирање на фонд за кофинансирање со механизми за поддршка при учество во меѓународни проекти. | И12. Број на поддржани научни и уметнички проекти од средства на УКИМ<br><br>И13. Број на поддржани од средства на УКИМ публикувани научни трудови во публикации со фактор на влијание на истражувачи од УКИМ, за сите научни подрачја<br><br>И14. Број на наградени најдобри научници и уметници за сите научни подрачја од средства на УКИМ<br><br>И22. Број на организирани промотивни настани за меѓународни програми<br><br>И23. Механизми за поддршка на кофинансирачки активности за | УКИМ<br><br>Единици на УКИМ<br><br>Стручни служби на УКИМ и единиците<br><br>Релевантни министерства и државни институции<br><br>Средства од меѓународни програми, фондови и финансиски институции (Светска банка (СБ), Европсска комисија (ЕК), ИПА, Европска инвестициска банка (ЕИБ), Банка за развој на Совет на Европа (ЦЕБ) | Годишно<br><br>Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | меѓународни проекти | | |
| **6. Унапредување на соработката со стопанството преку зголемување на иновациите, технолошкиот развој и применети истражувања во разни области** | 6.1. Идентифицирање на капацитетите за истражување, иновации и патенти на Универзитетот, како основа за соработка со стопанството;<br><br>6.2. Поттикнување соработка на академскиот кадар со стопанството преку заеднички проекти;<br><br>6.3. Основање иновативни стартап и спиноф трговски друштва за реализација на научноистражувачки и стручно-апликативни проекти, нивно менторирање и поддршка преку УКИМ Акцелераторот;<br><br>6.4. Основање лаборатории, хабови и други центри за реализација на научни и апликативни активности;<br><br>6.5. Поттикнување на  компетентна поддршка или служба за комерцијализацијата на резултатите од истражувањата, како и заштита на интелектуалната сопственост преку посебен центар или друштво на УКИМ;<br><br>6.6. Засилување на центрите за кариера на единиците, поддршка на соработката со стопанството/институциите и интегрирање на ниво на Универзитет. | И24. Следење и евидентирање на реализирани патенти од страна на истражувачите на Универзитетот<br>И25. Број на проекти во соработка со приватниот и јавниот сектор<br>И26. Број на компании/институции со кои се склучени договори за реализација на практика/стажирање;<br><br>И27. Број на компании/институции со кои се склучени договори за стипендирање на студенти<br>И28. Формирање на посебна организациона форма на УКИМ/ организациона единица/центар/ трговско друштво за заштита на | УКИМ<br><br>Единици на УКИМ<br><br>УКИМ Акцелератор<br><br>Центри за кариера<br><br>Компании, институции, стопански комори<br><br>Стручни служби на единиците и УКИМ | Годишно<br><br>Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | интелектуалната сопственост, создадена со ресурси на УКИМ (човечки и материјални)<br>И29. Развој на електронски сервис за центрите за кариера, како алатка за промоција и комуникација со заедницата | | |
| **7. Олеснување на администра-тивните постапки за реализација на проекти** | 7.1. Зајакнување на капацитетите на секторот на меѓународна соработка за поддршка на проекти на УКИМ;<br><br>7.2. Формирање одделение за логистичка поддршка при апликација и реализација на проекти;<br><br>7.3. Развивање функционален систем за информирање и советување на истражувачите на Универзитетот за можностите на меѓународни програми за проекти и мобилност; | И30. Развој на електронски систем за динамичко информирање на научноистражувач-ката заедница на Универзитетот<br><br>И31. Зајакнат сектор за поддршка на проекти<br>И32. Секторот за поддршка на проекти генерира ефикасни процедури за апликација и реализација на меѓународни проекти | УКИМ<br><br>Единици на УКИМ<br><br>Стручни служби на УКИМ и единиците<br><br>Релевантни државни институции | Годишно<br><br>Континуирано |

## 4. УНИВЕРЗИТЕТСКИ КОМПЈУТЕРСКИ ЦЕНТАР

*Цел:* обезбедување стабилно и ефективно функционирање на Универзитетската компјутерска мрежа и воспоставување и одржување на различни информациони сервиси/услуги на УКИМ.

| *Цел* | Активности и задачи | Носители | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| ***Обезбедување постојана функционалност на Универзитетската компјутерска мрежа*** | • перманентен мониторинг и детекција на испади и преземање активности за нивно ефикасно отстранување;<br>• инфраструктурни зафати на оптичката мрежа;<br>• полагање на оптички влакна за комплетно заокружување на оптичката инфраструктура на Универзитетската компјутерска мрежа;<br>• воспоставување на резервни врски во мрежата заради обезбедување на редундантност и подобрена надежност на мрежата. | Стручна служба | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | | Стручна служба | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | | Стручна служба | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| | | Стручна служба<br><br>УКИМ, единици на УКИМ | на годишно ниво,<br><br>континуирано |
| ***Обезбедување на резервен радиосистем*** | • обезбедување резервни радиоврски за факултетите на петте кампуси на УКИМ;<br>• постепено исфрлување на радиосистемот од функција и замена со посовремени, постабилни, односно решенија кои обезбедуваат | Стручна служба<br><br>Единици на УКИМ, | на годишно ниво,<br><br>континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | поголем капацитет на пренос. | | |
| ***Зголемување на ефикасноста на постојните информациони систми преку набавки на машинска и програмска опрема*** | • проектирање и воспоставување на технички решенија за постигнување висока расположливост, зголемена надежност и ефикасност на постојните информациони системи и услуги;<br>• набавка на компјутерска и комуникациска опрема;<br>• изготвување идејни и софтверски решенија, општи акти и други потребни работи за воведување на електронско издаваштво и дигитална библиотека на УКИМ. | УКИМ, | Континуирано на годишна основа |
| ***Одржување и подобрување на функционалностите на интегрираниот студентски информационен систем*** | • воведување на систем за единствена најава;<br>• надградба и проширување на системот iKnow за инклузија на сите факултети и нови функционалности;<br>• репозиториум на трудови на ниво на Универзитетот;<br>• универзитетски систем за менаџирање со човечки ресурси (професори, асистенти, вработени);<br>• систем за менаџирање отсуства и службени патувања;<br>• систем за менаџирање на учење (Moodle), интегриран со iKnow;<br>• систем за електронско анкетирање за самоевалуација; | УКИМ, Единици на УКИМ | Континуирано на годишна основа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • систем за менаџирање со просторни ресурси, резервации на простории;<br>• систем за менаџирање на дипломските работи;<br>• систем за менаџирање на магистерските работи;<br>• систем за креирање и интеграција на студентски email-сандачиња во Office365;<br>• систем за организација на процесот на пишување на елаборати, интегриран со iKnow;<br>• систем за електронски молби, интегриран со iKnow и управна постапка;<br>• проширување на достапноста на eduroam-мрежата;<br>• надградба на оперативната околина на iKnow;<br>• нова веб-страница на УКИМ;<br>• зголемување на автономијата на системот за непрекинато напојување во централното теме (УКЦ) во Ректоратот на УКИМ со дизел/бензински агрегат;<br>• систем за поддршка на корисници;<br>• систем за DOI (Digital Object Identifier);<br>• систем за умрежување на вработените на УКИМ;<br>• систем за OpenAccess-списанија. | | |

## 5. ФИНАНСИИ, ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ

Со цел да се подобри финансискиот менаџмент во рамки на интегриран универзитет, ќе се развие единствен сметководствен систем за евиденција и финансиско известување на единиците, преку воспоставување на заеднички сметководствени политики на УКИМ. Универзитетот во рамките на софтверско решение ќе обезбеди единствен систем на финансиско известување на единиците, хармонизирана методологија за буџетирање и подготовка и следење на финансиските планови, мониторинг на реализација на финансиските планови и пријавувањето на обврките во рамки на трезоркото работење.

Универзитетот и во иднина ке продолжи со континуирано финансирање на интегративните функции според Програма во која се утврдени приоритетите за финансирање. Во тие рамки и понатаму фокусот ке биде ставен на финансирање на науката, развој на нови студиски програми и стимулирање на меѓународната соработка, електронското издаваштво, подршка на културните и спортски активности на единиците на УКИМ, развој и подобрување на I – Know системот и други форми за електронска подршка на наставните и научни активности на единиците на УКИМ, како и други приоритети значајни за оставрување на стратешките приоритети на Универзитетот.

| *Цел* | **Активности и задачи** | **Носители** | **Временска рамка** |
| --- | --- | --- | --- |
| ***Воведување на интегриран сметководствено-информативен систем на УКИМ со цел поефикасно управување со финансиските планови и обврските на Универзитетот и неговите единици*** | • Воведување на единствен и хармонизиран сметководствен систем и хармонизиран систем на сметководствено извесување;<br>• Осмислување и набавка на софтверско решение за имплементација на единствениот сметководствен информационен систем; | Стручна служба и Единици на УКИМ | Декември 2019 |
| ***Подобрување на условите за престој во објектие за студнтски стандардс*** | • инвестиции во објектот - Лекторската зграда;<br>• инвестиции во објектот на Универзитетскиот конгресен центар | УКИМ<br>УКИМ | Септември – Декември 2019 Јануари – Јуни 2020;<br>Јуни 2020 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Финансиска подршка за воведување на систем за мониторинг и евалуцаија на задоволството на студентите и други стејкхолдери.*** | • Востановување на Канцеларија за квалитет;<br><br>• Развој на системот за менаџмент на квалитетот според ISO-стандардите - сертификација и ресертификација. | УКИМ, | Март 2020 |
| ***Воведување и финансиска подршка на активности за стимулирање на соработкта на Универзитетот и неговите единици со стопанството*** | • Финансиска подршка за кофинансирање во Ацелераторот,<br><br>• Формирање на Центар за извонредност во рамки на универзитетското трговско друштво ИНОФЕИТ, | УКИМ, единици на УКИМ,<br><br>УКИМ, ИМОФЕИТ | Континуирано на годишна основа до 2023,<br><br>Декември 2020 |
| ***Финансирање на интегративните функции*** | • Финансирање на интегративните функции на Универзитетот според Програма усвоена од РУП и Сенат на УКИМ | УКИМ | Континуирано, на годишна основа |
| ***Стипендирање на студнети на УКИМ*** | • Стипендирање на студенти од фондацијата „Атанас Близнакоф„<br>• Стипендирање на студенти кои студираат на франкофонско јазично подрачје,<br>• Стипендирање на студенти со стипендии обезбедени од стопанството | УКИМ | Континуирано, на годишна основа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Финансирање на проекти за подршка на студенти со посебни потреби*** | • Финансирање на изградба на пристапни рампи, елеватори и набавка на нагледни средства за студенти со посебни потреби | УКИМ | Континуирано, на годишна основа |
| ***Финасиска подршка за воспоставување и одржување на алумни центар на УКИМ*** | • Формирање на канацеларија за воспоставување на евиденција и соработка на алумните на УКИМ<br>• Соработка со Министерството задолжено за дијаспора заради идентификација, евиденција и соработка со алумните на УКИМ во странство | УКИМ | Континуирано, на годишна основа |

## 6. Акционен план за развој на универзитетскиот спорт на УКИМ за периодот 2019-2023

Афирмирање на **Универзитетот св. Кирил и Методиј- Скопје** како развиен универзитетски центар со рекреативно-спортски карактеристики што соодветствуваат на неговиот статус на препознатлив универзитет на Република Македонија;

Подобрување на квалитетот на **наставно образовниот процес и научно истражувачка работа** од областа на физичкото образование и следење на новите тековни процеси, со цел унапредување на статусот на студентската популација.

Зголемување на опфатот на **наставниот кадар** со спорт и спортско-рекреативни активности преку развој на **универзитетскиот спорт**, обезбедувајќи организациска поставеност, систем на натпревари и поддршка на спортските активности на **наставниот кадар** од единците на **Универзитетот св. Кирил и Методиј- Скопје**;

Создавање услови за настапи во земјата и во странство, преку гостување во **Универзитетот св. Кирил и Методиј- Скопје и к**реирање политики за интегрирање **родов пристап** во секоја од фазите односно вклучување на **родова перспектива на студентите и натавниот кадар** во активностите на Универзитетот св. Кирил и Методиј- Скопје.

Основни цели на **Акциониот план** за активностите на **Универзитетот св. Кирил и Методиј- Скопје.** во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на наставниот кадар **и студентскиот универзитетски спорт** во периодот 2019-2023 година, се:

- Развој на  факултетскиот спорт и реализирање на сите програмски активности од факултетско, меѓуфакултетско, меѓууниверзитетско  и меѓународно натпреварување.
- Учество на УКИМ во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на студентите и наставниот кадар со посебен акцент на **масовниот спорт**,
- Развој и поддршкана активностите за спорт и рекреација на **студентите со попреченост** при УКИМ.
- Преку спортот и рекреацијата, афирмација на **Универзитетот св. Кирил и Методиј- Скопје** како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од  неа;
- Создавање на услови за правилно насочување на студентите и организирање на нивните спортски активности;
- **Медиумско популаризирање** и афирмирање  на студентските спортски активности.
- Заеднички спортско-рекреативни активности и градење на позитивен став кон различните етички заедници во **мултикултурно општество**

**Област – Настава по Физичко образование и спорт за нематични факултети односно настава на единиците на УКИМ**

| **Општа цел : Подорување на квалитетот на наставно-образовниот процес на студентите од единиците на УКИМ со цел подигање на психо-социјалниот статус и стекнување на здрави навики за потребата од физичка активност** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Специфични цели/ Мерка** | **Активности** | **Очекувани резултати** | **Одговорност за реализација** | **Временски рок** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1. Подобрување на практичната настава во УКИМ преку поврзување со други Катедри на Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје.** | 1.1 Надополнување на практичната настава со вклучување на дополнителен наставен кадар од ФФОСЗ<br><br>1.2 Заеднички тимови организираат вонаставни активности на студентите поврзани со одредени курсеви | 1.1 Воспоставена успешна соработка меѓу катедрите на ФФОСЗ<br><br>1.2 После завршувањето на курсевите студентите имаат подобра одредена стручна подготовка | -ФФОСЗ | Континуирано |
| **2. Осовременување на Предметот Спорт и здравје** | 1. Надградување на наставниот план за работа<br><br>2. Склучување на мегусебен договот за реализација на настаата | 1. Стекнување на современи вештини и знаења | -ФФОСЗ | Септември 2020 |
| **3. Воведување на Изборна настава по предметот Спортски активности** | 1. Донесување на Одлука за Акредитирање на предметот Спортски активности како изборен<br><br>2. Изготвување на Наставн план<br><br>3. Склучување на меѓусебен договор за реализација на наставата | 2.1 Воспоставена успешна соработка меѓу ФФОСЗ и останатите Факултети на УКИМ | -ФФОСЗ<br><br>- УКИМ | При Акредитирање на новите наставни програми на секој факултет |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. Подобрување на техничките услови за работа** | 4.1 Опремување на спортските објекти со нагледни средства<br><br>4.2 Опремување на спортските објекти со соодветна апаратура за евидентирање на практична настава | 4.1. Овозможување пристап на студентите и наставниот кадар за учинокот во резлизацијата на наставата | -ФФОСЗ | Октомври 2019 год. |

**Област – Универзитетски спортски сојуз на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

Програмирањето и развојот на Универзитетскиот спорт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, ќе се базира пред се на традицијата на постигнатите резултати од постоењето на овој спорт, спортските објекти и терени и нивната инфраструктура, стручните кадри, материјално финансиските услови, како и развојот на високото образование во нашата земја.

И во овој плански период спортските, спортско-рекреативните активности на натпреварите од системот на сите степени на натпревари од областа на Универзитетскиот спорт на Универзитетот ќе се одвиваат преку Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, факултетските спортски друштва, Академското спортско друштво Студент, Универзитетскиот спортски сојуз на Универзитетот, додека на Државен и Меѓународен план преку Универзитетската спортска федерација на Македонија во склад со Програмите на Европската и Светската Универзитетска спортска федерација.

Универзитетскиот спортски сојуз на УКИМ особено преку своите тела и органи, спортските работници, стручни кадри, факултетските спортски друштва и клубови, како и академското спортско друштво особено ќе вложува максимални напори во целина да се зајакне севкупната организациона потавеност и организацијата на сите планирани спортски активности, натпревари и манифестации во овој плански период кои ќе бидат изнесени во натамошниот тек на Програмата.

За што поуспешна реализација на овој развоен план, Сојузот, како и досега, ќе одржува редовна координација и соработка со: Факултетот за физичко образование спорт и здравје, Универзитетот Св. Кирил и

Методиј Скопје, Универзитетската спортска федерација на Македонија, Студентскиот парламент на УКИМ, Сојузот на спортови на градот Скопје, Македонскиот Олимписки Комитет, и други органи и организации.

**ПРВ СТЕПЕН**: МАСОВНИ ФОРМИ НА СПОРТСКИ И СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Целна група во овој случај се студентите кои не се бават со спорт, а поголемиот дел од слободното време го поминуваат покрај своите персонални компјутери, лап топи, таблети и посебно со своите смарт фони.

Со посебна понуда на посебни курсеви по танци, зумба, аеробик, теретани и друго да се навикнат на спортување.

Учество на масовни манифестации, како што се планинарење, крос, возење велосипед, рорели и слично

***<u>Стратегија:</u>***

- Привлекување на женската студентска популација да се бави помасовно со спортски и спортско рекреативни активности.

- По потреба организирање на посебни натпревари за лицата со попреченост.

Во моментов неколку од нив учествуваат на поединечните натпревари на УКИМ (пример: Постолов Игорчо, Студент на Филозофски факултет-Психологија, лице со телесен хендикеп учествува редовно на Поединечните првенства на УКИМ во пинг-понг.)

- Со воведување на посебни курсеви од спорт + нутриционизам да се зголеми афинитетот на студентската популација кон менување на животните навики и преминување кон здрав начин на живот.

**ВТОР СТЕПЕН:** УНИВЕРЗИТЕТСКИ СПОРТ НА ФАКУЛТЕТИТЕ

Ова значи одржување на натпревари во рамките на еден факултет.

Можат да бидат натпревари помеѓу студентите од различни години на студирање, помеѓу студентите од различни институти, катедри и слично.

Вакви натпревари постојат на многу факултети, посебно во периодот на нивните патрон-празници

***<u>Стратегија:</u>***

- што повеќе факултети да одржуваат вакви интерни натпревари
- поголема активност помеќу студентите

**ТРЕТ СТЕПЕН:** УНИВЕРЗИТЕТСКИ СПОРТ МЕЃУ ФАКУЛТЕТИТЕ ВО РАМКИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

-универзитетски лиги на уким по спортови
-универзитетски поединечни првенства на уким
-универзитетски куп натпревари на уким

Појдовна основа е периодот station наназад, каде Факултетот за физичко образование спорт и здравје и Универзитетскиот спортски сојуз на УКИМ се организатори на Универзитетските спортски натпревари на УКИМ во екипни и поединечни спортови.

***Стратегија:***

- Поттикнување на факултетите за зголемување на спортските активности, (кај оние факултети кај кои по пасивно се одвиваат спортските активности)
- Постепено зголемување на нивото на спортски активности кај оние факултети, кај кои активностите се одвиваат само во неколку спортови,
- Одржување и постепено надградување на нивото на спортски активности кај оние факултети кај кои активно се одвиваат.
- Поттикнување на студентите да покажат интерес за учество на првенства во други спортови

**ЧЕТВРТ СТЕПЕН:** СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ И НАТПРЕВАРИ МЕЃУ УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

### 7.1. ДРЖАВНИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ЛИГИ

Универзитетската спортска федерација на Македонија во заеднички договор и финансиска поддршка на Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија воспостави систем на натпревари Државни Универзитетски лиги на Република Македонија во спортовите мал фудбал, кошарка, пинг-понг, и шах. Во останатите спортови и понатаму ќе се одржуваат Државните Универзитетски Шампионати на Република Македонија. Државните Универзитетски Лиги на Република Македонија, успешно се одвиваат веќе трета натпреварувачка сезона а оваа година на нив учествуваат екипи на сите Универзитети од нашата земја. Во зависност од материјално -финансиските услови, бројот на спортовите ќе се зголемува.

*Период на реализација:* Есенски дел: **Септември – Декември** Пролетен дел: **Јануари - Јуни**

***<u>Стратегија:</u>***

- Вклучување на сите Универзитети во овие активности.
- Воведување на Универзитетски Лиги за вработени
- Постепено вклучување на други спортови на Програмата.

**7.2. ДРЖАВНИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРВЕНСТВА И ШАМПИОНАТИ (во екипна и поединечна конкуренција)**

Универзитетски државни Шампионати и Универзитетски државни првенства на Република Македонија, во зависност од материјално-финансиските можности, ќе се организираат секоја година.

*<u>Период на реализација:</u>* **Јануари – Декември**

***<u>Стратегија:</u>***

- Постепено вклучување на други спортови на Програмата, како на пример:
- Воведување на Државни Универзитетски Шампионати за вработени

**7.3. ДРЖАВНИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КУП НАТПРЕВАРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во зависност од материјално - финансиските услови се планира одржување на Државни Универзитетски Куп натпревари на Република Македонија, како и досега во повеќе спортски дисциплини во машка и женска конкуренција.

*<u>Период на реализација:</u>* **Мај – Август**

***<u>Стратегија:</u>***

Вклучување на сите Универзитети (со уредно издадена акредитација од страна на надлежните Институции на Република Македонија) во овие активности.

**ПЕТТИ СТЕПЕН:** МЕЃУНАРОДНИ СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ И НАТПРЕВАРИ

**МЕЃУНАРОДНИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРУВАЊА И МАНИФЕСТАЦИИ**

- Регионални натпревари
- Европски универзитетски првенства и шампионати (се одржуваат секоја непарна година - настапуваат универзитетски репрезентации на ниво на универзитети)
- Европски универзијади (се одржуваат секоја парна година - настапуваат универзитетски репрезентации на ниво на универзитети)
- Светски универзитетски првенства и шампионати (се одржуваат секоја парна година - настапуваат универзитетски репрезентации на ниво на држави)
- Светска зимска универзијада (се одржува секоја непарна година - настапуваат универзитетски репрезентации на ниво на држави)
- Светска летна универзијада (се одржува секоја парна година - настапуваат универзитетски репрезентации на ниво на држави)

Петтиот степен на натпреварувања од областа на Универзитетскиот спорт го опфаќа учеството на Универзитетски екипи и Универзитетските Репрезентации на Република Македонија, во зависност од материјално - финансиските можности на следните натпревари: Летни Универзијади, Зимски Универзијади, Светски Шампионати, Европски Универзијади , Европски Шампионати , Регионални натпревари

На истите, согласно стратегијата на секоја земја членка на Европската и Меѓународната федерација, условите и можностите за учество на шампионатите и првенствата ги исполнуваат сите земји членки доколку поседуваат врвни квалитети и имаат материјално - финансиски можности за реализација на финансиските обврски за котизација, сместување, исхрана и пат, Секоја земја сама си ги сноси трошоците за своите спортисти за учество на натпреварите на Светските шампионати и Универзијади. Согласно регулативите на Европската и Светската Универзитетска спортска федерација, Пријавите за сите меѓународни натпревари и манифестации ги доставуваат исклучиво Националните Универзитетски спортски федерации на земјите членки, веродостојно заверени со потпис на одговорните лица, и печат на Федерацијата.

Исто така доколку некоја земја членка на меѓународната универзитетска спортска федерација, односно секоја Национална Универзитетска спортска федерација, смета дека ги исполнува условите утврдени со Правилата и Критериумите, може да се пријави за организатор на овие првенства. Посебно строги се критериумите за спортските објекти, безбедноста, инфраструктурата на објектите, условите за превоз, сместување

и исхрана. За тоа оценка дава Комисија на стручни експерти на Меѓународната универзитетска спортска федерација, а конечната одлука ја донесува Извршниот Комитет на федерацијата и генералната конференција на истата.

Нашата Универзитетска спортска федерација има можности во овој развоен период да достави кандидатура за организација на некој од следните шампионати: шах, футсал, ракомет, кошарка и карате

***Цел:***

Обезбедување на можности, соодветен квалитет и финансиски средства за што поактивно учество на овие Меѓународни натпревари и манифестации во услови на глобалната економска криза

**Структура на организирање на Универзитетскиот спорт на УКИМ**

Структурата на организирање на Универзитетскиот спорт на УКИМ ќе се одвива врз основа на Статутот на Универзитетскиот Спортски Сојуз на УКИМ, Универзитетската спортска федерација на Македонија, Законот за спорт, Законот за здруженија и фондации, Законот за високо образование и други закони кои ја регулираат оваа материја.

На Универзитетот ќе се настојува да се зајакне организационата поставеност на факултетските спортски организации, како и спортските друштва и клубови на Факултетските.

**Стручни кадри**

За реализирањето на годишните Програми на спортски активности, спортско – рекреативни активности, масовен спорт и натпреварите на сите степени и нивоа на Универзитетскиот спорт на УКИМ, така и за овој Развоен план ќе бидат ангажирани стручни лица и тоа: од редовите на нашите спортски друштва и нивните спортски клубови и организации, Факултетот за физичко образование спорт и здравје, Центарот за физичко образование и други. Важно е при ова да напомeнеме дека за реализација на годишната програма, ќе бидат вклучени спортски работници - волонтери.

**Спортски објекти и терени**

Со изградбата на спортската сала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје, во значителна мера ќе се подобрат условите за одвивање на сите спортски натпреварувања во сите степени од Системот на натпревари од областа на Универзитетскиот спорт на УКИМ, за сите тренинзи и натпревари, како и за нивно одвивање.

**Табеларен приказ:**

| **Општа цел : Развивање на меѓуфакултетски екипни - колективни лига натпревари и интивидуални натпревари во машка и женска кнкуренција и сл.** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Специфични цели/ Мерка** | **Активности** | **Очекувани резултати** | **Одговорност за реализација** | **Временски рок** |
| **1. Следење и реализација на предвидените меѓуфакултетски спортски натпревари** | 1.1 Изготвување на натпреварувачки програми и извештаи за работа<br>1.2 Изготвување на Финансиска програма и извештај на работа | Подобрени социолшко-психолошките и агонистички карактеристики на студентите | УСС на УКИМ<br><br>ФФОСЗ | Ноември - декември во секоја тековна година |
| **2. Воведување на бруцошки лига натпревари** | 2.1 Изготвување на натпреварувачки програми и извештаи за работа на бруцошките лиги<br><br>2.2 Изготвување на Финансова програма и извештај на работана | 2.1 Подобрени социолшко-психолошките и агонистички карактеристики на студентите<br><br>2.2 Создавање континиуитет на студентите во учеството на универзитетските | УСС на УКИМ<br><br>ФФОСЗ | Декември 2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | бруцошките лиги | активности | | |
| **3. Мотивирање на студентите за вклучување во универзитетските активности** | 3.1 Стипендии за студентите кои спостигнле значителни резултати<br><br>3.2 Менторирање на студентите кои учествуваат во универзитетските активности<br><br>3.3 Учество на најдобрите на меѓународни универзитетски натпреварувања | 3.1 Подобрени воспитно образовни процеси на студентите<br><br>3.2 Зголемен број на студенти за учество | Комисија за награди, признанија и менторство на УСС на УКИМ<br><br>во соработка со ФФОСЗ | На крајот и почетокот на секоја натпреварувачка година |

**7.4 План за реализација на Универзитетски спортско-рекреативни активности**

**План за активности за развој на универзитетски спорт**
***За сите предвидени активности ќе се изготви агенда за реализирање и навремено ке се известуваат фаултети на УКИМ**

| Ред бр. | Активност / проект | Цел на активноста | Време на реализација | Носители На Активноста | Индикатори (критериуми) за успешност | Ризици |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Планинарска ТУРА** “Планинарење“ *за студенти* | Развој на масовниот универзитетски спорт и зголемување на поцентот на застапеност на студентите со вклучување во рекреативни активности и едуцирање за **планинска ориентација** | октомври | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 50 % од вкупната бројка на студенти | Лоши враменски услови кои би придонеле за нереализирање на активноста |
| 2. | **,,Спотруваме сите заедно“** Меѓуетничка интеграција *на студентите* | Спортување за секој студент без разлика на **етничката припадност** и воспоставување намеѓу факултетска соработка | неомври | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 70 % од вкупната бројка на студенти од различна етничка припадност | Не наоѓање на интерес од страна на факултетите со студенти од другите националности |
| 3. | **,,Спортуваме-другаруваме“** *Инклузуивност на студентите* | Инклузија на студентите со **попреченост** и нивно позитивно емоционално изразување преку игра | Ноември /декемри | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | 80 % вклученост од студентите со попреченост | Не набавка на реквизити и опрема |
| 4. | **Универзитетско скијање** Активност за *студенти* | Развивање на колективните и социјалните компоненти на студентите и совладување на техниките за скиање | февруари | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 20 % од вкупната бројка на студенти | -Неповолни временски услови<br>-необезбедување на место |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **“Студентска Табла“** - државно првенство за *студети* во **шах** | Развивање на индивидуалните спсобности преку интелектуални спортски активности | Февруари/март | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 10 % од вкупната бројка на студенти | Неможност шаховска федерација да ни обезбеди шаховски тебли и сааати |
| 6. | **“Студентска кегла “** државно првенство за *студети* во **куглање** | Развивање на индивидуалните спсобности преку специфични спортски активности | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 20 % од вкупната бројка на студенти | Неможност кугларската федерација да ни обезбеди соодветни услови |
| 7. | **“Студентско стрелаштво“** државно првенство за *студети* во **стрелање** | Развивање на индивидуалните спсобности преку специфични спортски активности | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 20 % од вкупната бројка на студенти | Неможност стрелашката федерација да ни обезбеди соодветни услови |
| 8. | **“Пингпонгарска палка“** Првенство во Пинг-Понг *за студенти* | Развивање на индивидуалните спсобности преку специфични спортски активности | Април | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 10 % од вкупната бројка на студенти | Неможност пингпонгарската федерација да ни обезбеди соодветни услови |
| 9. | **“Пингпонгарска палка“** Првенство во **Пинг-Понг** *за наставен кадар* | Развивање на колективниот дух меѓунаставниот кадар на УКИМ | март | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклучување мин 2 професор од секоја единица на УКИМ | Неможност на обезбедување на доволно пријавени професори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | **“Тениски спин“**<br>- државно првенство за *студети* во **Тенис** | Развивање на индивидуалните спсобности преку специфични спортски активности | Мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 10 % од вкупната бројка на студенти | Не обезбедување реквизити, со индикација за неодржување на активноста |
| 11. | **“Студентска ролеријада“**<br>Активност за *студенти* | Развој на масовниот универзитетски спорт и зголемување на поцентот на застапеност на студентите со вклучување во рекреативни активности | Мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 50 % од вкупната бројка на студенти | -Неповолни временски услови |
| 12. | **“1000 точаци“**<br>Активност за *студенти* | Развој на масовниот универзитет спорт и зголемување на поцентот на застапеност на студентите со вклучување во рекреативни активности | Мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 50 % од вкупната бројка на студенти | -Неповолни временски услови |
| 13. | **Трофеј “Св. Кирил и Методи“**<br>Турнир во мал фудбал за *натавен кадар* | Развивање на рекреативниот спорт и колективнот дух на наставниот кадар позитивно емоционално изразување и почитување на патронот на УКИМ | 24 Мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 80 % од вкупната бројка на единици од УКИМ | Недоволна фклученост на екипи од единиците на УКИМ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. | **Реализација на активностите од Универзитетски спорт- кошарка** | Зајакнување на воспитните компоненти и развој на социолошките, моторните и психолошките карактеристики на студентите со агонистички дејствија преку систем на универзитетска кошарка | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 80 % од вкупната бројка на единици од УКИМ | Неможност од одигрување на натпреварот поради недоволен број на студенти во некои единици на УКИМ |
| 15. | **Реализација на активностите од Универзитетски спорт- кошарка ( жени )** | **Родов пристап** и зајакнување на воспитните компоненти и развој на социолошките, моторните и психолошките карактеристики на студентите со агонистички дејствија преку систем на универзитетска кошарка | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 80 % од вкупната бројка на единици од УКИМ | Неможност од одигрување на натпреварот поради недоволен број на студенти во некои единици на УКИМ |
| 16. | **Реализација на активностите од Универзитетски спорт - одбојка** | Зајакнување на воспитните компоненти и развој на социолошките, моторните и психолошките карактеристики на студентите со | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 80 % од вкупната бројка на единици од УКИМ | Неможност од одигрување на натпреварот поради недоволен број на студенти во некои единици на УКИМ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | агонистички дејствија преку систем на универзитетска одбојка | | | | |
| 17. | **Реализација на активностите од Универзитетски спорт - одбојка ( Жени )** | **Родов пристап** и зајакнување на воспитните компоненти и развој на социолошките, моторните и психолошките карактеристики на студентите со агонистички дејствија преку систем на универзитетска одбојка | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 80 % од вкупната бројка на единици од УКИМ | Неможност од одигрување на натпреварот поради недоволен број на студенти во некои единици на УКИМ |
| 18. | **Реализација на активностите од Универзитетски спорт - мал фудбал** | Зајакнување на воспитните компоненти и развој на социолошките, моторните и психолошките карактеристики на студентите со агонистички дејствија преку систем на универзитетскиот фудбал | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 80 % од вкупната бројка на единици од УКИМ | Неможност од одигрување на натпреварот поради недоволен број на студенти во некои единици на УКИМ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19. | **Реализација на активностите од Универзитетски спорт - мал фудбал ( Жени )** | **Родов пристап** и зајакнување на воспитните компоненти и развој на социолошките, моторните и психолошките карактеристики на студентите со агонистички дејствија преку систем на универзитетскиот фудбал | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 80 % од вкупната бројка на единици од УКИМ | Неможност од одигрување на натпреварот поради недоволен број на студенти во некои единици на УКИМ |
| 20. | **Реализација на активностите од Универзитетски спорт- ракомет** | Зајакнување на воспитните компоненти и развој на социолошките, моторните и психолошките карактеристики на студентите со агонистички дејствија преку систем на универзитетскиот ракомет | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 80 % од вкупната бројка на единици од УКИМ | Неможност од одигрување на натпреварот поради недоволен број на студенти во некои единици на УКИМ |
| 21. | **Реализација на активностите од Универзитетски спорт- ракомет ( Жени )** | **Родов пристап** и зајакнување на воспитните компоненти и развој на социолошките, моторните и | Март до мај | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на 80 % од вкупната бројка на единици од УКИМ | Неможност од одигрување на натпреварот поради недоволен број на студенти во |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | психолошките карактеристики на студентите со агонистички дејствија преку систем на универзитетскиот ракомет | | | | некои единици на УКИМ |
| 22. | **Универзитетските летни кампови** Логорување, кајакарење Активност за *студенти* | Развивање на колективните и социјалните компоненти на студентите и совладување на техниките и принципите од активностите на вода | јули | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Присуство на 30 студенти од единиците на УКИМ | Обезбедување на место |
| 23. | **Рекреативен баскет** *за наставен кадар* | Развивање на колективните и социјалните компоненти на наставниот кадар | Континуирано преку цела година | Факултет за Физичко образование спорт и здравје | Вклученост на голем процент од наставниот кадар | |